**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3213 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО ОХРИД

3. **Датум на извршување на надзорот:** 15.06.2016 година

4. **Предмет на надзорот:**

- **Член 15 став 5 од Законот за медиуми („Службен весник на РМ" бр. 184/13 и 13/14)**

  (Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му достават писмен извештај за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа);

5. **Претходно изречена мерка:**

*За непочитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми, директорот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-254, 18.04.2016 година) на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО ОХРИД.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

6. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО ОХРИД, е **констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>не постапил по решението</u>** за изрекување мерка - (Уп1 бр. 03-254, 18.04.2016 година), односно и во дополнителниот рок од 45 дена од денот на приемот на решението, **<u>не достави до Агенцијата писмен извештај</u>** за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за радио емитување за 2015 година, ниту информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во РМ или надвор од неа, со што

**продолжи да не ги почитува обврските од член 15 став 5 од Законот за медиуми**.

7. **Предлог мерка:**

И во дополнителниот рок од 45 дена утврден во решението за изрекување мерка-опомена, донесено на 18 април 2016 година, Трговското радиодифузно друштво РАДИО ОХРИД ДОО ОХРИД, не достави писмен извештај за спроведување на обврските од дозволата за радио емитување за 2015 година, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка за непочитување на член 15 став 5 од Законот за медиуми; и

- Во согласност со член 15 став 6 од Законот за медиуми, да достави предлог до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата.

***Сектор за програмски работи***